**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. 03-1282/1

Скопје 08.03.2019г.

**Предмет: Четврти седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува четвртиот седмичен извештај за периодот од 1 до 7 март 2019 година.

Во рамки на овој извештај, ве информираме за следново:

- Во Прегледот на ценовници за платено политичко рекламирање, достапен на веб страницата на Агенцијата, се додадени податоци за локалната телевизија ТВ Дибра, која исто така, го достави ценовникот по законскиот рок.
- Оваа седмица, Агенцијата реагираше за учеството на новинарка од МРТ1 на партиски настан, одржан на 3 март 2019 година (според член 75-в од Изборниот законик).
- Заклучно со 6 март, заврши првиот извештаен период од мониторингот на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси. Извештајот за периодот од 9 февруари до 6 март 2019 година, ќе биде објавен на сајтот на Агенцијата, наредната недела, а ќе ви биде доставен во прилог со следниот седмичен извештај.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**по овластување на директорот**

..................................................

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**